UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

## Scientific Papers

SOCIAL SCIENCES

Vol. 51.1

KIJ Vol. 51 No. 1 pp. 1 - 262 Skopje 2022

KNOWLEDGE

INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 51.1

*March, 2022*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 51.1

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Itska Derijan PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 51.1**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University "St. Cyril and Methodius", Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University "Neofit Rilski", Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University "Goce Delcev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University "Vitez", (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Itska Mihaylova Derijan PhD, University Neofit Rilski, Faculty of pedagogy, Blagoevgrad (Bulgaria)

- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University "Hadzi Zeka", Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University "Hasan Prishtina", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University "Vasil Levski", Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University "Hadzi Zeka", Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University "Vitez", (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University "Vitez", (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar" - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy "Vassil Levski", Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)

- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University “Goce Delchev”, Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vaska Stancheva-Popkostadinova, PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)

- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
  Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Vasil Markov PhD, Faculty of Arts, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College “Biznesi”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 67 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

**CONTENTS**

TAX EVASION AND EDUCATION LEVEL: EVIDENCE FROM THE EUROPEAN UNION COUNTRIES ... 17
Vojislav Babic ... 17
Siniša Zarić ... 17
ILLITERACY AND LOW LEVEL OF EDUCATION AS A BARRIER FOR ROMA TO ENTERING THE LABOUR MARKET ... 23
Aleksandar Racz ... 23
EDUCATION AND LEGISLATION AS IMPORTANT FACTORS OF TOURISM DEVELOPMENT IN THE REPUBLIC OF SERBIA ... 29
Mirjana Knežević ... 29
Lela Ristić ... 29
Danijela Despotović ... 29
MANAGEMENT IN PRESCHOOL INSTITUTION ... 37
Despina Sivevska ... 37
Jadranka Runceva ... 37
ORGANIZATION OF ACCOUNTING FOR PREPARATION OF REPORTS FOR ECONOMIC BUSINESS ANALYSIS ... 45
Ljiljana Stošić Mihajlović ... 45
METHODOLOGICAL ISSUES OF THE ANALYSIS OF THE FINANCIAL RESULTS OF THE ENTERPRISE ... 51
Rositsa Ivanova ... 51
ECONOMIC ANALYSIS OF ACCOUNTING INDICATORS IN THE FUNCTION OF MAKING A DECISION ON LOAN AND BORROWING ... 59
Ljiljana Stošić Mihajlović ... 59
DISCLOSURE OF TECHNICAL PROVISIONS IN THE FINANCIAL STATEMENTS OF THE PENSION INSURANCE COMPANIES ... 65
Maia Iankova Natchkova ... 65
SECTORAL DYNAMICS AFTER 2008-2009 CRISIS IN BULGARIA: PANEL DATA ANALYSIS BY CLASSICAL PRODUCTION FUNCTION ... 71
Venelin Boshnakov ... 71
OPERATIONAL BUDGETING AS A MANAGEMENT TOOL OF THE ENTERPRISE ... 75
Magdalena Petrova-Kirova ... 75
THE IMPACT OF LOAN PORTFOLIO GROWTH ON NON PERFORMING LOANS IN COMMERCIAL BANKS IN KOSOVO ... 81
Fitim Raci ... 81
Refik Havolli ... 81
ECONOMIC MODEL FOR THE FUNCTIONING OF A SMALL CREDIT COMPANY ... 87
Stanimira Mineva ... 87
EXPORT DIVERSIFICATION IN THE CEFTA 2006 REGION. A „U“ SHAPE PATTERN ... 95
Milan Tomić ... 95
Nina Uremović ... 95
Marija Antonijević ... 95
Bojan Pejović ... 95
FINANCIAL CRISIS AND CURRENCY MOVEMENT ... 101
Pavle Trpeski ... 101
Vesna Korunovska ... 101
Gordana Stojmenovic ... 101
Miodrag Smelcerovic ... 101

ATTITUDES OF ROMA WOMEN IN ISOLATED ROMA SETTLEMENTS ON THE ACCEPTABILITY OF VIOLENCE AGAINST WOMEN ........ 107
Aleksandar Racz ........ 107
BUILDING SOCIAL CAPITAL: A ROAD TOWARDS ECONOMIC DEVELOPMENT ........ 113
Goran Golubovski ........ 113
CURRENT TREND OF SOCIOECONOMICS IN ALBANIA, KOSOVO, SERBIA, NORTH MACEDONIA, MONTENEGRO, BOSNIA AND HERZEGOVINA ........ 119
Gentiana Gega ........ 119
THE SOCIAL STATE IN THE 21ST CENTURY - MYTH OR REALITY ........ 125
Sevdalina Dimitrova ........ 125
TQM AND MARKETING: TWO-PRONG CONTRIBUTION TOWARDS CUSTOMER SATISFACTION ........ 133
Marina Kantardjieva ........ 133
Goran Golubovski ........ 133
Irena Ashtalkoska ........ 133
MANAGEMENT OF PROCESS AND PRODUCT INNOVATION ........ 139
Srdjan Milićević ........ 139
TYPES OF SKILLS IN THE STRUCTURE OF THE SERVQUAL METHODOLOGY ........ 145
Darina Mineva ........ 145
THE INFLUENCE OF E-BUSINESS MODELS ON THE DEVELOPMENT OF INNOVATIVE MODELS ........ 149
Denis Stojkanović ........ 149
Zdravka Petković ........ 149
Vladimir Grdinić ........ 149
E-HEALTH - A NECESSARY CONDITION FOR IMPROVING THE NATIONAL HEALTH INDICATORS ........ 157
Svetlana Svetlozarova Sabotinova ........ 157
THE CAUSAL CONNECTION BETWEEN THE CONCEPT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT AND THE CLIMATE CHANGE MANAGEMENT ........ 165
Elena Gjuroska ........ 165
LOGISTIC CENTERS IN GERMANY- THE PERFECT FRAMEWORK OF THE ACTION PLAN ........ 173
Emilija Bozhinovska ........ 173
TRIPLE BOTTOM LINE: HISTORY, DEFINITION & OBSTACLES TO IMPLEMENTATION ........ 179
Goran Golubovski ........ 179
Marina Kantardjieva ........ 179
INNOVATIVE GREEN PRACTICES IN SUPPORT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF THE BULGARIAN TOURISM PRODUCT ........ 185
Iva Bichurova ........ 185
RURAL TOURISM AS AN OPPORTUNITY FOR ECONOMIC DEVELOPMENT OF THE MARIOVO REGION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........ 193
Vladimir Kitanov ........ 193
APPROACHES TO CONTEMPORARY TOURIST ANIMATION ON THE BULGARIAN BLACK SEA COAST WITH FOCUS ON CHILDREN'S PARTICIPATION ........ 199
Gergana Minkovska ........ 199
INFLUENCE ON DIGITAL MARKETING IN TRAVEL AGENCIES IN NORTH MACEDONIA ........ 205
Sanja Krnche ........ 205
TENDENCIES OF THE DEVELOPMENT OF PUBLIC SERVICES IN THE REPUBLIC OF CROATIA ........ 213
Jelena Dujmović Bocka ........ 213

GUARANTEES FOR THE INDEPENDENCE OF THE PUBLIC SERVICE MEDIA IN BULGARIA WITHIN THE REGULATION ........ 219
Alexander Velev ........ 219
MINORS SEX TRAFFICKING ........ 225
Ivana Luknar ........ 225
Ilija Životić ........ 225
THE MACEDONIAN-THESSALONIKI FRONT 1916-1918 ........ 231
Oliver Cackov ........ 231
Verica Josimovska ........ 231
ISSUES OF EXECUTION OF FINAL JUDICIAL DECISIONS, AS AN ELEMENT OF THE RIGHT TO A DUE PROCESS OF LAW ........ 237
Joniada Musaraj ........ 237
IPSAS IMPLEMENTATION PROCESS IN NATO - HISTORICAL CONTEXT, CHALLENGES, ASSESSMENT AND DEVELOPMENT DURING THE LAST TWO DECADES ........ 243
Desislava Yosifova ........ 243
ANALYSIS OF THE ELECTORAL SYSTEM FOR PRESIDENTIAL ELECTIONS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA: ADVANTAGES AND DISADVANTAGES ........ 251
Lindita Neziri ........ 251
THE WORLD IN ONE VOICE IN THE BATTLE AGAINST COVID 19 ........ 257
Emilija Icoska ........ 257

# THE MACEDONIAN-THESSALONIKI FRONT 1916-1918

**Oliver Cackov**
Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delchev", Stip, R.N. Macedonia
oliver.cackov@ugd.edu.mk
**Verica Josimovska**
Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delchev", Stip, R.N. Macedonia
verica.josimovska@ugd.edu.mk

**Abstract**: Macedonian front known as the Thessaloniki front is not researched enough compared to the other fronts in the FWW. The front line in 1915 was stretching from Ohrid, Galicica, Prespa Lake, the tops of the Baba Mountain, Nidze (Kajmakcalan), and Belasica, along the river Mesta to river Struma coast to the Aegean Sea for three years. From the south side were the armies of the Ananta (English, French, Serbian, Russian, Greek, soldiers from the colonies), and from the north, the Germans, Austrian-Hungarian, and Bulgarian forces. That was a conflict between millions of soldiers from several different armies. The battles lead on the highest mountain top, the weather conditions, and the victims make this front line very specific and hard. The Macedonian population who was in the middle of the front suffered a lot. They were used as workforces and were exposed to different requisitions for supporting both sides of the front and at the same time, they were mobilized and recruited by them. The harsh bombing caused great material damage and a lot of civilians died.
**Keywords**: World War I, Macedonian Front, Entente, Central Powers

# МАКЕДОНСКИОТ-СОЛУНСКИОТ ФРОНТ 1916-1918

**Оливер Цацков**
Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Р. С. Македонија
oliver.cackov@ugd.edu.mk
**Верица Јосимовска**
Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Р. С. Македонија
verica.josimovska@ugd.edu.mk

**Резиме:** Македонскиот фронт, познат уште како Солунски фронт е многу малку истражуван во споредба со другите фронтови во Првата светска војна. Воспоставената фронтова линија во 1915 год. се протегала од Охрид, преку планината Галичица, Преспанското Езеро, сртовите на планините Баба, Ниџе (Кајмакчалан) и Беласица, долж реката Места до Струмскиот Залив во Егејското Море и истата се зацврстила во наредните три години. Од јужната страна биле стационирани војските на Антантата (англиски, француски, српски руски, грчки, војници од колониите..), а од север здружените германски, асвтроунгарски и бугарски сили. Тоа било судир на над милион војници од десетина различни армии. Битките на високите планински сртови, временските прилики и големите жртви ја прават посебно специфична и тешка оваа фронтова линија. Фронтот го пробиле здружените сили на Антантата во септември 1918 год. што било одлучувачко и за исходот на војната.
Големи страдања доживеало македонското население кое се нашло во средиштето на фронтот. Населението било користено како работната сила и изложено на разни реквизиции за издржување на илјадниците војници од обете страни на фронтот, истовремено мобилизацирано и регрутирано од страна на завојуваните страни Немилосрдното бомбардирање предизвикало огромни материјални штети и многу изгубени животи кај цивилното население.
**Клучни зборови**: Прва светска војна, Македонски фронт, Антанта, Централни сили

## 1. ВОВЕД

Со почетокот на Првата светска војна во 1914 до 1918 година започнал најголемиот и најтешкиот воен период во историјата на човештвото. Македонија во своите етнички граници, во време на Големата војна била простор на крвави пресметки помеѓу големите сили и нивната борба за светска доминација и колонијални царства. Најголемите политички и воени активности на Балканот се воделе повторно на територијата на Македонија. Со влегувањето на војските на Централните сили (Германија, Австро-Унгарија) како и војските на Силите на Антантата во 1915 година, Македонија се претворила во крваво боиште со

огромен број на човечки жртви и материјални штети предизвикани од ужасите низ кои поминувале војниците од обете завојувани страни. Завојуваните сили имале концентрирано голем број на војници на фронтовата линија. Освен Англо-Француската, како сојузничка војска во Македонија била испратена веќе закрепната и добро организирана српска војска од Крф. Бил доведен и корпусот на доброволци составен од војници од српска, хрватска,словеначка националност кои војувале на Источниот фронт, а преминале во српската војска. Македонскиот фронт преставувал една од главните борбени линии во Големата војна, тоа го потврдил и Лодј Џорџ, премиерот на Обединетото Кралство, кој забележал дека „Македонскиот од сите споредни фронтови се покажал како најважен“.[65]

Од борбите кои се обновиле во летото 1916 година на територијата на Македонија бил формиран Македонскиот односно Солунскиот фронт (во некоја литература се среќава и како Јужен). Како непосредна причина за формирањето на Македонскиот фронт бил неуспехот на Дарданелската операција, кога трупите од Галиполе (Турција) биле префрлени во Солун. Воениот началник на Париз генералот Галиени во февруари 1915 година, без да ја информира грчката влада одобрил проект како база на Антантата за воени дејствиа против Османската Империја. Вниманието на Велика Британија целосно било насочено кон Галиполската операција. Таа операција која во историјата ќе влезе како една од најскапо платени грешки на Антантата била преземана со цел да се освојат Дарданелскиот и Босфорскиот мореуз и Цариград. Според тогашниот план би се отворил премин кон Егејското Море, а Турција би била исфрлена од војната со што на Германија би и бил оневозможен пристап до Блискиот Исток. Нападот започнал на 25 април 1915 година со продорот на британските и француските бродови во Дарданелскиот мореуз, а завршил на 9 јануари 1916 година како последица на поразот на Антантата, каде турските војници на чело со Мустафа Кемал Ататурк, командант на Галиполе заедно со германските воени сили, го одбраниле Галиполе и биле поставени темелите на идната модерна Турција.[66]

Уште во тоа време, додека се водела жестока војна кај Дарданелите, воениот врв на Велика Британија и Франција ја разгледувале можноста да ги упатат своите трупи на Балканот. Поради тоа на 28 септември 1915 година француската влада донела одлука да ги демаркира своите трупи во Солун и да и даде подршка на Србија. Па така, на 5 октомври 1915 година од Галиполе во Солун биле упатени три француски и четири британски дивизии или вкупно 65.500 француски и 85.000 британски војници во кој број влегле и војниците од британските колонии. Француските и британските сили биле именувани како Источна војска, а за нивен командант бил назначен францускиот генерал Морис Сарај. Планот за истоварување во Солун наишол на најприфатливо одобрување затоа што:

1.Таму имало добро пристаниште;

2. Железница која водела кон внатрешноста на територијата;

3. Градот располагал со одреден број модерни ресурси;

4. Експедицираната сила лоцирана во Солун би можела да се употреби како замена или пак, да ги надополни операциите кај Дарданелите.

5. Во тоа време (летото) 1915 година Грчката влада под водство на Венизиелос која во целост била про сојузничка, додека кралот про-германски настроен. Со мерката на кралот да ја отстрани Венизеловата влада постоеле добри шанси грчката војска да се стави на располагање на Централните сили. Притисокот на сојузниците ја промениле политичката слика и ја придобиле Грција на своја страна.

Но, пред да биде проучен предлогот што го доставил генералот Сарај до француската влада, брзиот развој на настаните на Балканот наметнало брза одлука. На 29 септември Бугарите, без да објават војна ја нападнале српската војска кај Кадибогаз [67]. Генералот Сарај во средината на октомври 1915 година имал за задача да го обезбеди сообраќајот на железницата од Солун до Скопје и да стапи во врска со српската Врховна команда за да помогне на Србија да се спушти кон Велес. На конференцијата во Лондон во јануари 1916 година, сојузниците разгледувајќи ги соодносите на силите на Балаканот дефинитивно решиле војната да се води на Балканот. Исто така, на конференцијата во Лондон било донесено решение француската воена комисија на чело со генерал Мондензир, да формира српска армија од деловите кој биле префрлени на островот Крф.[68]

Српската армија била реоорганизирана по францускиот образец со француско оружје. Војниците изгледале потполно променети. На себе имале целосно нови униформи, француски. Никој не носел опинци сите имале војнички цокули. Наместо шајкачи имале шлемови. Оштетеното и неупотребливо оружје било заменето со новите француски пушки Лебел М1907. Со новите пушки следувал и бајонет кој бил тенок, за една

[65] Kit Robins. (2015). Prvata svetska vojna, Nampres, Skopje, 43.
[66] Petar Mansfild. (1991). A History of a Middle East, Penguin, London, 51.
[67] Џ. Вара Прајс. (2010). Сказната за Солунската армија, Селектор, Скопје, 35.
[68] Чедомир Антич. (2008). Судњи рат, в. Политика, 14 септември.

употреба, затоа војниците со себеноселе нож и кама оружје погодно за употреба во блиска борба. Моралот бил на високо ниво.[69] Франција со своите единици во јануари 1916 година го зазела островот Крф, а по неколку дена на 21 јануари 1916 година го окупирала и Солун. Тоа бил неопходен услов за подоцна да се отвори Македонскиот односно Солунскиот фронт.

Македонскиот фронт бил единствениот сојузнички фронт каде за цело време од неговото постоење дејствувала единствена команда. На почетокот главната команда ја имал генералот Морис Сарај. Формирањето на овој фронт било во функција на конкретен притисок врз неутралните балкански земји, Романија и Грција. Тој се протегал од Егејско Море понатаму по течението на реката Струма, покрај Дојранското езеро, продолжувал северно од Битола и западно од Охридското Езеро до реката Војуша, во должина од околу 400 км. Македонското население било поделно на два дела. Едниот бил јужно од линијата на сојузничката линија, а другиот северно од војските на Централните сили. За тоа како полека се градел скелетот на армиите од обете страни учеснички во Македонскиот фронт, најавтентично може да се сублимира од следниве воени извештаи.

Српската воена команда тогашната состојба ја елаборирала во извештајот од 10 март 1916 година во кој пишува: „Реорганизацијата и подготовката на нашата војска секојдневно напредува и се приближува времето кога ќе треба и да се регулира правно нашата улога во престојните операции. Во тек е формирање на три српски армии со по 6 дивизии. Бугарите сеуште се пречка за нашето враќање во татковината. Поголемиот дел од германските трупи веќе се префрлени на другите фронтови, додека учеството на Австрија на Солунскиот фронт сеуште е скромно”[70].

А, за тоа како германската страна информирала за распоредот на сојузничките сили на фронтот во јужна Македонија, стои во испратената телеграма бр. 3.517 од германското воено аташе мајорот Фредеричи од Софија до Врховната команда на армијата во Виена, од 20 јули 1916 година: „На просторот северно од Корча, Биклишта и Екши-су е собрана една српска дивизија, една друга е во собирање. Северно од Воден околу Драгоманци Суботско и на север се наоѓа еден француски пешадиски полк артилерија и црногорски пешадиски полк. Овие вести навестуваат дека прилично сигурно не се очекуваат поголеми дејства ниту меѓу Струма и Вардар ниту помеѓу Вардар и Островско Езеро како и западно од Островското Езеро во правец на Битола. Посебно не треба да се очекува дека Антантата ќе се обиде да изврши удар само со српски трупи западно од Островското Езеро врз Битола“[71].

Распоредот, пак, на Централните сили на Македонскиот фронт е опишан во дописот на военото аташе на полковникот Новак до Врховната команда на Армијата во Виена бр. 4,071 од 5 септември 1916 година во кој пишува: „Првата Армија 8-та Дивизија се зацврстувала на пристигнатите позиции и тоа: Првата бригада и полкот бр. 12 на височинките на мало Ниџе од двете страни на Горничево. Третата коњачка бригада го обезбедувала левото крило на армијата јужно од Екши-Су заедно со 5. пешадиска единица и го затварале патот од Невеска до патот Охридско Езеро-Корча, како резерва стои на располагање полкот бр. 15 (4 баталјони) кај Неокази, еден баталјон бр. 10 кај Ресен, 2,5 баталјони од полкот 23 кај Арменохор. Тоа заедно 7,5 баталјони. 11,та Армија била распоредена од Мала Рупа до Вардар. Кај Дојранско Езеро биле поставени две бригади. Дваесетата армија поставена на планината Беласица, додека 10-та е поставена како резерва источно од Серес“.[72]

Познатиот воен историчар Петар Кирх оценил дека од спорното борбено место на почетокот на војната, овој фронт добил одлучувачки карактер на војната. Војските кои биле од двете страни завојувани на фронтовата линија изнесувал преку 1.200.000 војници.

Во пролетта 1916 година Бугарија подпомогната од своите германски и австро-унгарски сојузници, ја освоила Рупелската Теснина, навлегувајќи во источниот дел на Македонија, заземајќи ги градовите Сер, Драма и Кавала. Кон средината на август истата година Бугарските сили, предводени од генерал Климент Бојаџиев ги разбиле трупите на Антантата на просторот Добро Поле-село Баница-Лерин и продирајќи кон Костур го заземаат Лерин со околните населби. Македонскиот фронт за време на Првата светска војна бил простор на долготрајна позиција поточно на рововска војна. Тоа подразбира фронт помеѓу артилерија како носител на офанзивите и утврдување во ровови обиколени со пречки и бодливи жици. Составен дел на позициите на фронтот била изградбата на набљудувачки пунктови од бетон за да можат да го издржат артилерискиот оган. Потоа скривници, бетонски магацини за муниција и експлозив, инфраструктура и сите

[69] Александар Стеванович. (2018). Јунаци солунског фронта, Балканија, Београд.
[70] D. McKenzie. (2014). Apis, Covek koji je izazvao Prvi svetski rat, Profil International, Zagreb
[71] ДАРМ. (2019). Македонија во австриските документи во Првата светска војна 1914-1918 година, Скопје, 151
[72] Ibid, 152.

други потребни објекти за долготрајна војна. Болници, лазарети, привијалишта и слично. Војските од двата блока најмногу ја користеле работната рака на населението. Македонското население најчесто го користеле за изградба стратешки патишта кои што воделе кон фронталната линија. Покрај машката работна сила, била употребувана и запрежна стока, дрвени коли и сето тоа го работеле бесплатно без никаков надоместок, освен француската војска која плаќала извесна сума на македонското население. Покрај материјалните штети настанати од борбите на фронтот македонскиот народ бил изложен и на реквизиции, односно насилно одземање на добиток и храна за издржувањето на илјадниците војници од обете страни на фронтот. На сила биле т.н. „нарјади“–со што, секое семејство било принудувано да даде определни количини производи за исхрана и предмети за реквизација. Спротивно на Хашките конвенции, со кои се забранувала регрутација на населението од окупираните области, македонското машко население се нашло на регрутните списоци. Во текот на воените акции македонското население било најмногу мобилизирано во бугарската армија на повеќе начини и во различни форми. Покрај веќе регрутираните 33 046 Македонци – емигранти во Бугарија, во Единаесеттата македонска дивизија и неколкуте илјади во останатите едници од бугарската армија во 1914 и во 1915 година, со окупирањето на вардарскиот дел од Македонија, се започнало и со регрутацијата на населението од Македонија. Точниот број на регрутираните и мобилизирани: Македонци, Албанци, Турци и други, во редовите на бугарската војска и на т.н. селска милиција во: 1916, 1917 и 1918 година, не може да се утврди. Се смета дека околу 80 000 луѓе биле запишани во регрутните списоци.[73]

Во мај 1916 година македонскиот фронт се стабилизирал на достигнатата линија со тоа што војските на двете страни постојано се засилувале со нови единици.

Битките кои се воделе воглавно имале ист тек: почнувале со артилериски оган кој траел по неколку часа. Гранатите кои летале на сите страни имале огромна разорна моќ поради што многу често потполно ја менувале природната средина. По молкот на артилеријата на јуриш тргнувала пешадијата која обично ја запирал митрлески оган. За напредување од неколку стотини метри гинеле голем број на војници. Во текот на 1916 година на фронтот биле водени неколку битки кои не дале резултат, а однеле голем број на човечки жртви. Такви се Леринската операција, Горничевската битка, Битката на Кајмакчелан, Битолската операција, Битката на свиокот на Црна и Дојранската.

Кајмакчаланската битка во историјата останала забележана по голем број загинати и ранети и по надморската височина на која се водела (2525 метри). По битката во предвечерието на 30 септември 1916 година Кајмакчалан бил разорен со гранати и прекриен со трупови од обете војски. Според некои автори неговата височина изнесувала 2525 метри, а по пробивот и завршувањето на воените дејствиа неговата височина изнесувала 2521 метар. Четири метри од врвот биле разнесени од секојдневните дејствијата на артилериските орудија. Сојузничкиот против напад започнал на 14 септември, а главниот удар го извеле српските војници. Српската Прва армија по тродневна борба, најчесто гради во гради ја разбиле бугарската војска кај Горничево. Бугарската војска морала да отстапи. Интензивни борби се водени повеќе од два месеци. Најтешките воени операции ги поднела Дринската дивизија околу врвот Кајмакчелан, кој откако неколкупати бил освојуван од едните и од другите, на 30 септември конечно со него завладеала српската војска. Преживеаните, инаку искусни војници, тврделе дека никогаш до сега не виделе толку многу жртви на толку малку простор. Само Дринската дивизија изгубила 3.320 војници, а вкупната загуба на српски војници изнесувала 4643 војници.[74]

На исток од Кајмакчелан со средна надморска височина од 1600 метри и со должина од 16 километри се протега верига од неколку врвови. Во средината има висорамнина наречена Добро Поле. На 14 септември 1918 година на оваа висорамнина започнала одлучувачката битка на фронтот. На страната на сојузниците во првите редови била 122 француска пешадиска дивизија, Српската Шумадиска дивизија и Југословенската дивизија. Бугарите го издржале артилериското бомбардирање. Францускиот капетан Деига запишал: „Сокол се покажа како голема пречка за освојување. Таа скала има еднен врв – Орел, до кој може да се стигне по две стрмни патеки. Скалата е толку стрмна да мораме да употребуваме и мердевени за да се искачиме. Артилеријата не може да ги уништи одлично утврдените бугарски позиции“.[75]

Добро Поле морало да биде освоено со пешадија. А, тоа значело ново крвопролевање. По уништувањето на митролеските гнезда линијата на одбраната била пробиена. Овде ќе се одигра последната драма од бугарското учество во Првата светска војна, претварајќи се во голгота на измачената, гладна и лишена од

[73] Петар Стојанов. (1969). Македонија во времето на балканските и Првата светска војна, Институт за национална историја, Скопје, 373.
[74] Андреј Митрович. (2019). Србија у Првом светску рату, Службен гласник, 269.
[75] Георги Кременаров. (2020). България в Първата световна война, Изток-Запад, София.

муниција бугарска војска. Бугарските војници биле принудени на грб да ги носат не само пушките и митролезите туку и муницијата, низ стрмнините и шумите.[76]

Битола како важен комуникациски пункт, постојано бил изложен на бомбардирање, до есента 1916 година, најпрво била гранатирана од француската, а потоа и од германската артилераија. Битола до 19 ноември 1916 година бил под власта на Централните сили-бугарската и германска војска, а од тогаш под власт на сојузниците. И двете страни сакајаќи да го освојат конзулскиот град немилосрдно го бомбардирале така што, Битола не само што претрпел огромни материјални штети туку имало и на стотина убиени. Градот бил претворен во голем воjнички центар и еден од најпогодените на Балканот. Не случајно западната историографија ја споредува Битола како балкански Верден. Андреј Дикас кој бил командир на вод во Битола, по освојувањето на Битола од страна на сојузниците, ќе запише „откако се зближи населението ни дозволи да фотографираме шармантни момчиња, млади девојки мајки, старци распарталени и исцрпени. Генерал Сарај беше пречекан со цвеќиња и знаменца".[77]

На македонскиот фронт 1917 година се чувствувала потреба од засилување кое требало да пристигне од другите фронтови, но поради тоа што истото изостанало, долготрајното позициско војување продолжило. Се она што се случувало во 1917 година не било предвидено на почетокот и во првите години од војната. Тоа подеднакво се однесувало и за силите на Антантата и за државите кои биле во состав на Централните сили. Позициите и на едните и на другите биле сосема неизвесни. Во 1917 година најмалку се војувало, а најмногу се очекувало.

## 2. ЗАКЛУЧОК

Пробивот на Македонскиот фронт сојузниците започнале темелно да го подготвуват во јуни 1918 година. На овој начин конфронтираните војски на Антантата и Централните сили, во летото се подготвувале за решавачка битка. Првите борбени линии ги држеле српските и бугарските војници. Утврдените линии на Македонскиот фронт што биле создадени во 1916 година останале исти се до пробивот во 1918 година. Со победата на Антантата овој фронт престанал да постои.

Три години рововите на Македонскиот фронт, биле единствениот дом на над еден милион војници. И лете и зиме, длабоко вкопани пукале едни во други. Рововите биле и сцена на која се одвивале и многу човечки драми. За ужесите што ги доживувале војниците на Македонскиот фронт има и многу сеќавања од војници кој непосредно биле свидетели на ова трагедија.

Пробивот на Македонскиот фронт, септември 1918 година и поразот на германските и бугарските војски го означи крајот на една од тогаш најкрвавите војни во историјата на човештвото.

## ЛИТЕРАТУРА

Антич, Ч. (2008). Судњи рат, в. Политика, 14 септември.
Алексоски, В. (1993). Вистината на Македонија, Скопје, Матица македонска.
ДАРМ. (2019). Македонија во австриските документи во Првата светска војна 1914-1918 година, Скопје.
Кременаров, Г. (2020). България в Първата световна война, София, Изток-Запад.
Митрович, А. (2019). Србија у Првом светску рату, Службен гласник.
Прајс, Џ. В. (2010). Сказната за Солунската армија, Скопје, Селектор.
Стеванович, А. (2018). Јунаци солунског фронта, Београд, Балканија.
Стојанов, П. (1969). Македонија во времето на балканските и Првата светска војна, Скопје, Институт за национална историја.
Vazov, V. (2018). Zivotopisni beleski, Sofiя.
McKenzie, D. (2014). Apis, Covek koji je izazvao rat, Beograd.
Robins, K. (2015). Prvata svetska vojna, Skopje, Nampres.
Mansfild, P. (1991). A History of a Middle East, London, Penguin.

[76] Истото, 137.
[77] Веле Алексоски. (1993). Вистината на Македонија, Матица македонска, Скопје, 34.